За оние кои што сметаат дека ја знаат “историјата на црквата”, т.е. “историјата на христијанството” нема воопшто да биде прифатливо, но тука сепак ќе искажеме и една еретичка претпоставка: И молитвата *Оче наш*, но и целото *Четвороевангелие,* кое влегува во “Vulgata” е преведено на латински од старословенски! Тоа ќе рече дека древните балкански Словени ги имале своите свети писанија уште во првите векови на новата ера. Ја имаме предвид наложената и до денес важечка ера Anno Domini, која најпрво била нарекувана Vulgar era, а во просторот на денешна Шпанија била нарекувана просто – Era. Тука не можеме да ги наведеме сите докази во правец за старословенскиот примат, а накратко ќе го насочиме вниманието само кон веќе познати факти.



Во Делата апостолски може да се прочита: *Така тие ги преминаа Фригија и Галатискиот крај, зашто ним НЕ ИМ БЕШЕ ДОПУШТЕНО од Светиот Дух да го проповедаат словото во Азија (* Дела Апостолски, 16:6*).* Натаму, наброените земји: Мизија, Троада (Пропонтида), Самотраки (островот се нарекува Тракиски Самос), Македонија, како и градовите: Филипи, Неапол, Амфипол, Аполонија, Солун (Шеленик) и Бер (Вериа) се на Балканот, или сосема блиску до него. Значи, Светиот Дух ги избрал овие балкански краишта и таму ги испраќа апостолите. Мисионерите – во Мизија! При што под терминот Мизија (или мизиски) се опфатени многу опширни територии на Балканот. Како пример, пелагониската Хераклеја (Ираклион), која тенденциозно денес се предава само под формата Хераклеја Линкестис, во многу грчки ракописи се предава како Хераклеја Мизиска (Мусон). На охридската црква Св. Софија пишува дека е изградена за “мизиските народи” (
*етни та мусон*
) и др.

**Тоа не треба да нè збунува.**

Македонија често била нарекувана Долна Мизија (Mysia/Moezia inferior). Од цитираното место разбираме дека мисионерите биле испратени во Мизија, при што не ја исклучуваме можноста терминот
*мисионери*
да произлегува токму од територијата – Мизија. Долна или Горна – сеедно!

***Лоза***

извор: ИНОСУШТНИОТ ЛЕБ НА БОГОМИЛИТЕ ВО МОЛИТВАТА ОЧЕ НАШ